РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
**Браќа Миладиновци**
Бр. 03-198/1
09.05 2023 год.
Општина Аеродром, Скопје

**Врз основа на член 75 од Законот за основно образование (Службен весник бр.161/2019),како и на Правилникот наградување и пофалби за ученици, ООУ,,Браќа Миладиновци"-Скопје објавува**

**КОНКУРС**

**За избор на ученик-првенец на генерација**

Училишната комисија именувана од директорот на училиштето на предлог од Наставничкиот совет на ден 8.5.2023 година, распишува конкурс за избор на првенец на генерација од редовните ученици што го завршуваат основното образование (9 одд.)

Учениците кандидати за првенец на генерација конкурираат на објавениот конкурс, согласно дадените критериуми. Секој ученик кандидиран за првенец е должен до Училишната комисија да поднесе пријава и соодветна документација наведена во конкурсот.

Критериуми за избор на првенец на генерација:

1.Континуирано одличен успех од 6-9 одделение - Потврда од одделенски раководител за континуиран одличен успех

2.Примерно поведение од 6-9 одделение - Потврда од одделенски раководител за примерно поведение

3.Критериуми за постигања на ученикот - Докази: Потврди, мислење од наставник, додаток на свидетелство

3.1 Се истакнува во училишната средина

- учествувал во училишни манифестации

- допринел во организација и активности на училишни манифестации

-организирал разни училишни манифестации

-реализирал одредени задачи во училиштето од разни области

3.2 Се истакнува надвор од училишната средина

-учествувал на разни манифестации за афирмација на училиштето

- земал учество или активности во разни медиуми или институции

4.Постигања од натпревари:

-Награди на општинско ниво

-Награди на градско ниво

-Награди на државно ниво

-Награди на меѓународно ниво

Конкурсот трае 15 работни дена од објавување на веб страната на училиштето и на огласната табла во училиштето.

Пријавите и потребните документи да се достават во плик во училиштето, со назнака до Комисија за избор на ученик-првенец на генерација секој работен ден од 10:00 до 14:00 часот.

Комисијата ќе ги разгледа сите доставени документи согласно критериумите за избор и Правилникот за избор на ученик-првенец на генерација. Наставничкиот совет до крајот на наставната година ќе го прогласи ученикот-првенец на генерација.

Скопје
8.5.2023 год.
Претседател на комисија:
Катерина Наумовска

в.д. директор
____________________
Анета Велкоска